**20131062545**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јули 2013 година.

Бр. 07 - 2972/1
23 јули 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост (“Службен весник на Република Македонија” број 87/13), во членот 18 став (1) по зборот “рати” точката се брише и се додаваат зборовите: “или на десет еднакви годишни рати, доколку избраниот понудувач е физичко лице”.

Во ставот (2) по зборот “пет” се додаваат зборовите: “или десет”.

Ставот (3) се менува и гласи:

“Во случај на доцнење со плаќањето на годишната рата, Министерството во рок од пет работни дена писмено ќе го опомени купувачот за обврската за плаќање на годишната рата”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Доколку во рок од 15 дена од денот на приемот на опомената од ставот (3) на овој член, купувачот не ја плати достасаната годишна рата, договорот за купопродажба ќе се раскине и земјоделското земјиште ќе се врати во државна сопственост.”

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Македонија”.



www.pravdiko.com